# ЗА НОВО СЕЛО

# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живееете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомenete на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната აздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани пријатели, драги сограѓани!

Нашата општина е нашиот заеднички дом, нашето секојдневие, тоа е нашиот живот. Од сите нас зависи каква иднина ќе градиме и во каква општина ќе ги градиме работите што ни се важни. Изборите кои следуваат носат одлука за тоа колку ќе напредуваме, колку ќе одбереме надеж за големи чекори, а нам ни се потребни токму такви големи чекори кои ќе ги решат проблемите од нашето секојдневие. Општина без кал, со нови асфалтирани улици, нови сообраќајни решенија, нови паркови, игралишта, нова перспектива за сите генерации. Да вложуваме во спортот, да ја негуваме културата! Сите заедно да создаваме услови и за економски развој. Да не се троши времето на политички опции кои забораваат на народот зашто чистиот образ мора да се зачува, исто како и достоинството што лесно се губи, но тешко се заработува. Јас сакам да ме гледате како вашиот човек во системот, кој заедно со вас ќе ги менува работите на подобро. Ветувам работа и беспоштедна битка за повеќе резултати. Заедно сме силата која ќе донесе промени. Заеднички да создаваме промени, да градиме проекти и да носиме победи. Заедно да создаваме нова иднина!

Со почит,
Ѓорѓе Божинов

# 2. ТОП 10 ПРОЕКТИ

1. **ИЗГРАДБА НА НОВА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА**
   за лесна незагадувачка индустрија помеѓу Смолари и Ново Село;

2. **ЧИСТЕЊЕ И ДИСЛОКАЦИЈА НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ;**

3. **РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА МОСТОТ НА РЕКА СТРУМИЦА**
   за влез во с. Зубово и изградба на пешачка патека од Ново Село до Мокриево;

4. **ИЗГРАДБА НА БАЗЕН ЗА ВОДА ВО С. СМОЛАРИ**
   и зголемување на капацитетот и акумулацијата за снабдување со вода за пиење;

5. **ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА ВО СУШИЦА;**

6. **ИЗВЕДБА НА БУШОТИНА ЗА СНАБДУВАЊЕ НА СЕЛО НОВО КОЊАРЕВО СО ВОДА**
   за пиење до резервоарот за вода на планината Огражден;

7. **АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА;**

8. **ИЗГРАДБА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ**
   во склоп на училишниот двор во село Мокрино;

9. **РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО СНАБДУВАЊЕ НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ**
   во Дражево, реконструкција на главната водоводна мрежа во Борисово, изградба и реконструкција на водоводната мрежа во Мокриево и изградба на филтер станица и реконструкција на системот за водоснабдување во Самоилово;

10. **ИЗГРАДБА НА ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ВО НОВО СЕЛО.**



# 3. ПОЛИТИКИ И ВИЗИИ ЗА РАЗВОЈОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Општините играат клучна улога во унапредувањето на локалниот економски развој. Нивното работење во насока на реализација на проекти и привлекување на инвестиции во локалната економија е пресудно за создавање на локален економски раст и развој, создавање нови работни места и подигнување на социјалната добросостојба на локалното население.

Со природни убавини, реки, извори, водопади, пејзажи, плодни полиња, погранично поставена до две земји членки на ЕУ, Ново Село е регионално и инфраструктурно значајна општина за Македонија. Регион со недопрена природа која нуди многу потенцијал за развој и напредок.

Земјоделски регион кој дава голем придонес во производството на храна, но и регион каде постои простор за одмор, рекреација и ревитализација на телото и духот.

Природните потенцијали кои ги имаат Беласица и Огражден, се одлична можност за развој и напредок на рурален туризам. Следејќи ги европските трендови, се повеќе луѓе се насочуваат кон посета и рекреација во планинските предели, а тоа отвора нови можности за економски развој на територијата на општината, со инвестиции во туристичките капацитети за рурален туризам.

Голем придонес во развојот на општината имаат вредните луѓе со идеа и визија, кои креираат нова додадена вредност за македонското општество, а со тоа и личен прогрес и напредок. Новото раководство на Општина Ново Село, ќе посвети особено внимание за поттик на сите вредни и креативни луѓе да ги унапредат постојните капацитети, но и на поттикнување на нови инвестиции преку граѓаните на Општина Ново Село, кои живеат и работат во странство и инвестираат големи парични средства за куќи и објекти во родните места, во кои за жал престојуваат две до три недели преку годината, за време на годишните одмори. Развојот на инфраструктурата и руралниот туризам е можност и тие да инвестираат за сопствен прогрес и напредок, но и економски раст и развој на Општина Ново Село.

Привлекувањето на туристи ќе го оствариме и преку изградба на мотокрос адреналинска патека, обележување и порамнување на постоечките „off-road" патеки по Беласица и Огражден. Автомобилистите ќе уживаат во организирани и контролирани трки низ пејзажите на Општина Ново Село, по улиците и патиштата, кои во одреден период би биле користени за овој адреналински спорт. Мотокрос, Ендуро, Автомобилски трки, Off-road патеки ќе бидат главните атракции за привлекување на туристи и локален економски развој.

Истовремено, ќе инвестираме во индустриска зона, патната инфраструктура, канализации и водоводи, урбани катчиња, реновирање на училишта, изградба на спортски објекти и многу други проекти кои ги бараат и очекуваат жителите на општината. Само со поттикнување на инвестициите и искористување на потенцијалите на регионот, може да се подобри благосостојбата на граѓаните на општина Ново Село.



# 4. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Локалниот економски развој претставува одговорност на локалната самоуправа. Тоа значи постојана работа во насока на економско зајакнување на општината, а со цел да се подобри квалитетот на живот на граѓаните. За да се зајакне конкурентноста, главниот импулс за економски раст мора да произлезе од приватниот сектор, затоа што може да создаде нови работни места и економска благосостојба на долг рок. Но, исто така на работата на приватните субјекти влијаат и поволностите за водење бизнис, односно условите што власта ќе ги обезбеди за нив.

Најважни проекти во функција на остварување на споменатите цели ќе бидат:

### ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА НОВО СЕЛО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2021 ДО 2025 ГОДИНА:

Со изработка на Стратешки план за развој на општината ќе се дадат главни насоки за понатамошно системско и систематско делување на локалната власт и ќе се изработи Акциски план со предлог-мерки кои општината ќе ги имплементира;

### ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ОД ОПШТИНА НОВО СЕЛО;

### ФОРМИРАЊЕ НА НОВА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА ЗА ЛЕСНА НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА ПОМЕЃУ С.СМОЛАРИ И НОВО СЕЛО:

Проект од особено значење за локалниот економски развој на Општина Ново Село, со изведба на комплетна инфраструктура, водовод, канализација, пристапни патишта по сите нормативи и стандарди;

### ПРОЕКТ СТИМУЛАЦИИ ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ:

За фирмите кои ќе отворат нови работни места ќе понудиме намалување на надоместокот за уредување на градежното земјиште (комуналии), во зависност од висината на инвестицијата, бројот на вработени, еколошкиот аспект и други критериуми. Исто така, за да се поттикнат дополнително оние кои сакаат да регистрираат

фирма, ќе има ослободување од обврската за плаќање фирмарина во првата и втората година од основањето на фирмата и данок на имот од деловни простории;

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА БИЗНИС-ФОРУМ:

Општина Ново Село ќе организира Бизнис форум - средби со бизнис-заедницата Целта е да се унапреди соработката меѓу компаниите од општината, да се споделат добрите работни практики и искуства, да се дискутираат можностите за заеднички настап на странските пазари и саеми. Со ова ќе се создадат услови и поголеми можности за проширување на постоечките бизниси, а со тоа и отворањето на нови работни места;

## ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИ ИНВЕСТИТОРИ ОД ДИЈАСПОРАТА:

Привлекување на потенцијални инвеститори од дијаспората - голем е бројот на лица од Општина Ново Село кои се печалбари и работат во развиените земји. Нивното искуство и капитал претставуваат голем потенцијал кој може да придонесе кон локалниот економски развој;

## ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМАЧКИОТ ДУХ КАЈ МЛАДИТЕ;

Ќе се работи на едуцирање на младите и давање помош при нивното професионално насочување, при што ќе се поттикнува претприемачкиот дух кај младите, со акцент на приватната иницијатива и можностите за самовработување;

## ПОГОЛЕМО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИСТАПНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ И ПОСТИГНУВАЊЕ НА РАМНОМЕРЕН РАЗВОЈ ВО ЦЕЛАТА ОПШТИНА:

Поголемо искористување на претпристапните фондови на ЕУ преку идентификување на заинтересирани инвеститори кои би изградиле преработувачки капацитети за земјоделски производи, при што дел од средствата ќе се обезбедат преку ИПА фондовите;

## ПРОЕКТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ:

Проектот опфаќа примена на серија на мерки за подобрување на енергетската ефикасност за заштеда на електрична енергија во општествените објекти во Општина Ново Село, пред сè училиштата;

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА НОВО СЕЛО И ПОДОБРУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА ОПШТИНАТА:

Општина Ново Село динамично ќе одговара на потребите на жителите. Од општината ќе има лице задолжено за комуникација со жителите и посети на терен. Општината ќе биде сервис на граѓаните со сите информации и услуги кои ги дава:

- Пред да се започне со било каков процес на дигитална трансформација, најпрво потребни се обуки за населението кое би имало најголема корист од истите. Планирано е преку бесплатни курсеви, со соработници и волонтери како предавачи, жителите да се обучат на основни компјутерски вештини и англиски јазик. Обуките ќе бидат бесплатни и организирани во повеќе села во општината, каде би се информирале поголем број на жители. Обуките ќе вклучат основни работи за пристапи до различни сервиси. Едни од тие се: како се креира е-маил, како online се пристапува до различни владини сервиси и информации од јавен карактер, користење на апликации, плаќање сметки online, начини за е-комуникација и сл;

## Е-УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ:

Надградба на постојните и воведување нов софтвер во рамките на општинската самоуправа, со цел подобрување на е-услугите кои им се нудат на граѓаните. Општината во соработка со ЗЕЛС ќе овозможи:

## ВОВЕДУВАЊЕ УСЛУГА: ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ

на која ќе можат да испратат слики и текст, да оставаат контакт информации и да добијат навремено решение на проблемот;

## ВО СОРАБОТКА СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО: ОТВОРАЊЕ НА ЦЕНТРАЛИЗИРАН ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ

каде граѓаните од едно место ќе можат да подигнат повеќе документи, како што се: Извод на родени/умрени/венчани, имотен лист и останати услуги;

## ВО ОДНОС НА КОМУНАЛНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ: ВОВЕДУВАЊЕ НА Е-НАПЛАТА БЕЗ ПРОВИЗИЈА ЗА ГРАЃАНИТЕ.

Со тоа ќе се мотивираат да ги плаќаат сметките на побрз и полесен начин без провизија;

- **ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКО ПЛАЌАЊЕ НА СИТЕ ДАНОЦИ И ТАКСИ ВО ОПШТИНАТА,**

  на тој начин што со пристап до веб-страницата на Општина Ново Село да има можност да се избере линк кој Граѓанинот ќе го однесе во дел на плаќање на конкретната услуга;

- **ЕЛЕКТРОНСКО ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ ЗА ГРАДБА;**
- **ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ЈАВНИ ЛОКАЛНИ ДАВАЧКИ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ;**
- **ПОДОБРУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ЗА СИТЕ ПРОЕКТИ И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА БУЏЕТОТ.**



# 5. УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ДОНЕСУВАЊЕ НОВИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ:

Донесување на нов урбанистички план за Ново Село со цел урбанизирање на нови парцели за изградба на деловни објекти и парцели за индивидуално домување;

## СТАРО КОЊАРЕВО

Изградба на потпорен ѕид на реката со цел заштита на новиот пат;

## САМОИЛОВО

Изградба на мал плоштад;

## СМОЛАРИ

Реконструкција на парк на Младост и назначување на личност за негово редовно одржување ;

## НОВО КОЊАРЕВО

Уредување на просторот позади продавницата во центарот на селото, заедно со бунарот (негова реконструкција и изградба на летниковец);

## СТАРО КОЊАРЕВО

Средување на водотекот на реката;

## МОКРИЕВО

Реконструкција на каналот кој минува низ сред село и уредување со пешачки патеки;

## МОКРИНО

уредување на влезот со поставување на тротоари и осветлување

## КОЛЕШИНО

изградба на парк;

- **ПОДДРШКА ЗА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЦРКВА „СВ. НЕДЕЛА“**
  на врвот на планината Беласица;
- **ПОДДРШКА ЗА ИЗГРАДБА НА КАПЕЛА ВО ЦРКВАТА ВО ЗУБОВО;**
- **УРЕДУВАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ВО ЗУБОВО;**
- **ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА МОКРИНО И МОКРИНСКИТЕ ИЗВОРИ;**
- **УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА НОВОСЕЛКА,**
  со пешачки патеки и платформи за ресторани и кафетерии;
- **МОКРИНО**
  Изградба на детско игралиште во склоп на училишниот двор;
- **САМОИЛОВО**
  Реконструкција на постоечки дом, со именување во спомен на Стоилчо Стојков;
- **СМОЛАРИ:**
  - Приспособување (покривање на бентот) до горната пољана;
  - Обнова на Бојарската воденица;
  - Изградба на канал за проток на вода под местото Штала;
- **СУШИЦА**
  Изградба на детско игралиште во училишниот двор;
- **МОКРИЕВО**
  доуредување на месноста ПИРГО и редовно одржување;
- **СУШИЦА**
  Чистење на диви депонии;
- **ЗУБОВО**
  Поставување на улично осветлување на влезот од селото;
- **МОКРИНО:**
  - Изградба на пешачка патека од излез на Мокрино кај училиштето до Мокрински извори;
  - Доградба на парк до автобуската станица.

# 5.1. ЖИВОТНА СРЕДИНА

Здравата животна средина е неопходен предуслов за живот и за подигнување здрави поколенија. За ВМРО-ДПМНЕ концептот на одржлив развој е еден од принципите на работа во сферата на урбанизмот, а заштитата и грижата за животната средина преку отстранување на негативните влијанија од современиот начин на живот врз почвата, водата, воздухот и живите организми, наш врвен приоритет.

Наши основни мерки поврзани со заштита на животната средина се превенцијата од непрописното постапување со отпадот и шутот, превенцијата од создавање кризни жаришта од кои може да се развијат болести што ги загрозуваат здравјето и животот на граѓаните, едукацијата на граѓаните за придобивките на здравата животна средина, подигнувањето на Граѓанската свест и етичност, како и остро санкционирање на лицата и субјектите кои ќе извршат загадување на средината во која живееме.

## АКЦИИ ЗА ПОШУМУВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА НА ОПШТИНА НОВО СЕЛО;

Со овој проект предвидени се акции за пошумување на околината на Општина Ново Село. Проектот ќе се реализира преку организирање на акции и согласно можностите на општината, како и во соработка со училиштата, невладиниот сектор и Владата на Република Македонија:

## ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

(градежен и комунален отпад);

## ДИСЛОКАЦИЈА НА ДИВИ ДЕПОНИИ,

со изнаоѓање посебно место за депонија;

## ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКА СТРУМИЦА

на територијата на Општина Ново Село заради спречување од поплави;

## ЗАШТИТА НА ПЛАНИНСКИ ПРЕДЕЛ НА БЕЛАСИЦА ОД НЕКОНТРОЛИРАНО СЕЧЕЊЕ;

## СПРЕЧУВАЊЕ НА СЕЧА НА ДРВА ОД МЕСНОСТА ВИКАНА ДЕБЕЛ БУК;

- **НАБАВКА НА КОНТЕЈНЕРИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД;**
- **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА МОПЕД ЗА ЈП КОМУНА**
  за полесна мобилност на вработените низ населеното место;

- **ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**
  - Промена на улично осветлување со ЛЕД технологија;
  - Реконструкција на покриви, фасади, подови со цел подобрување на енергетска ефикасност на училиштата во општината.





# 6. КОМУНАЛНИ РАБОТИ: ВОДОВОДНИ И КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

Јавната чистота и одржување на општинското зеленило се ликот за администрацијата на општината. Со посветена работа и мотивација на Комуналното претпријатие „Комуна“, ќе се обезбеди целосна комунална инфраструктура и одржување на веќе изграденото и изградба на нови тревни и зелени површини, чистење и разубавување на улиците и површините во Општина Ново Село.

Важен дел во дејствувањето на „Комуна“, ќе биде и редовното одржување и сервисирање на постоечките водоводни и канализациски системи, со давање иницијативи за развој и подобрување на услугите на долг рок.

## ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ

Во голем дел од населените места на Општина Ново Село, снабдувањето со чиста вода за пиење сеуште претставува нерешен проблем.

Изградбата и реконструкцијата на водоснабдителните системи во населените места ќе биде еден од приоритетите на новата општинска администрација.

- Смолари - Изградба на базен за вода и зголемување на капацитетот на акумулација и снабдување со вода за пиење;
- Сушица - Реконструкција и пуштање во употреба на филтер- станица со цел снабдување на населението со чиста вода за пиење;
- Сушица -Приклучување на домаќинствата со новата водоводна мрежа;
- Сушица - Намалување на трошокот за приклучок кон новата водоводна мрежа;
- Н. Коњарево - Изработка на бушотина за снабдување на селото со вода за пиење, до резервоарот за вода на планината Огражден заради зголемување на капацитетот на резервоарот. Водата во селото ќе остане во владение на М.З Ново Коњарево;

- Старо Коњарево - Изградба на нов резервоар за вода за пиење;
- Мокриево - Проект за реконструкција на системот за водоснабдување;
- Борисово - Обнова на главна водоводна мрежа (обнова на зафат, промена на главна водоводна линија до резервоар, изградба на филтер станица и изградба на нов резервоар за вода);
- Колешино - -заштита на изворот за вода за пиење, со зголемување на капацитетот за акумулација ;
- Зубово - Изградба на филтер станица на главниот водовод;
- Ново Село - Реконструкција на дел од системот за водоснабдување;
- Дражево - Реконструкција на водоводен систем, со зголемување на капацитетот за акумулација и решавање на проблемот со снабдувањето на вода за пиење;
- Н. Коњарево - Ставање во функција на прочистителната станицата со изградба на нова трафостаница.

# КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

Особен проблем во Општина Ново Село е управувањето со отпадните води. Нашето работење во наредните четири години, ќе биде посветено на изградба на нови канализациски мрежи, реконструкција и доработка на постоечки, изградба на прочистителни станици за третирање на отпадни води, преку искористување на фондовите од Светска Банка, Европските фондови и државниот буџет, со цел отфрлање на досегашните септички јами, кои влијаат на загадување на почвата и квалитетот на живот на граѓаните.

Етапно, согласно обезбедените средства од повеќе извори, ќе ги реализираме следните проекти:

- Смолари - Изградба на канализациска мрежа;
- Сушица - Изградба на канализациска мрежа;
- Колешино - Изградба на канализациска мрежа;
- Мокриево - Изградба на канализациска мрежа;
- Борисово - Изградба на канализациска мрежа;
- Зубово - Изградба на канализациска мрежа;



# 7. ТРАНСПОРТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Економскиот развој и подобрувањето на животот на граѓаните е во редовен соднос со постојната транспортна инфраструктура. Ефикасните методи на транспорт, логистика и проток на луѓе и економски стоки се директен двигател на општинскиот развој.

Новата администрација ќе се посвети на реализација на планираните проекти за изградба на улици и патишта, реконструкција на мостови, со цел да обезбеди пристоен живот за секој граѓанин, а со тоа и приближување на руралниот до урбаниот дел од Општината.

## СМОЛАРИ:

- Доасфалтирање на улицата од местото викано Штала до Збиралото;
- Асфалтирање на главниот пат кон Баба Тренината Чешма;
- Доасфалтирање на патот до гробиштата од задниот влез;
- Поставување на асфалт од на Блажо продавницата до Митко Стоилов;

## СУШИЦА:

- Асфалтирање на т.н.улица „Иловичко-Штучки пат", како и 3 приклучни улици кон неа;
- Санација на мостот под сточарската фарма за да се спречи поплавувањето на површините кои се наоѓаат околу, а се околу 1500-2000 декари;
- Асфалтирање на улица од „Ичо Ќос" до патот за козарник 300 м;
- Асфалтирање на улица од „Дончо Тасев" до „Блажо Пенов" 200 м;
- Асфалтирање улица од „Панделиевци" до„ Вковци";
- Асфалтирање на улица „Тоше Граматиков" до „Ванчо Папучаро" 200 м;
- Изградба на пат за поврзување на Иловица и Штука со Сушица;

## НОВО КОЊАРЕВО:

- Асфалтирање на улицата од црквата „св.Илија" до патот за Старо Коњарево;
- Изградба на тротоари од двете страна на патот А4;
- Тампонирање и одржување на патиштата до Баделен и Бајково;

## СТАРО КОЊАРЕВО :

- Асфалтирање на улицата од центарот на селото до караулата;
- Пробивање на пат кон местото викано “ТОПЛИК”;
- Поврзување на улица до центарот на селото;

## АСФАЛТИРАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ ВО МОКРИЕВО, КОЛЕШИНО, ДРАЖЕВО, САМОИЛОВО, И БОРИСОВО:

- Пробивање и одржување на планински пат од Мокриево до место викано Мелтото;
- Изградба на тротоари покрај регионален пат во Борисово;

## ЗУБОВО:

- Реконструкција и проширување на мостот пред влезот на селото Важен- инфраструктурен проект за зголемување на потенцијалот на проток на возила за влез и излез од селото, каде има и постоечки индустриски капацитети;

## МОКРИНО:

- Асфалтирање на патот од автобуската станица до дворот на Стојан Стојков;
- Асфалтирање на патот до канал Селска Вода;
- Асфалтирање на патот надолу кон полето во должина од 500 м;

## НОВО СЕЛО:

- Асфалтирање на улица „Китка“;
- Асфалтирање на остатокот од улица „Првомајска“;

## БАДИЛЕН:

- Порамнување и одржување на патот од Ново Коњарево до Бадилен;

## БАЈКОВО И СТИНИК:

- Порамнување и одржување на пристапен пат.



# 8. ОБРАЗОВАНИЕ

Стратегијата на новата администрација на Општина Ново Село е достапност и квалитетно образование за секое дете, задржување на децата во матичните средини, наместо иселување кон градските средини или странските земји, креирање квалитетен кадар за новите генерации, развој на потенцијалот на децата, креирање нови лидери на новото време.

Со инвестиции во училишните установи и материјалите за работа, преку дополнителни образовни програми, Општина Ново Село, ќе го зголеми квалитетот на едукација кај новите генерации, а со тоа и делумно ќе се дејствува врз миграцијата на граѓаните на Општина Ново Село:

- **СМОЛАРИ - УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР СО ОГРАДУВАЊЕ ОД ИСТОЧНА СТРАНА;**
- **СУШИЦА - ОГРАДУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР И ИГРАЛИШТЕТО,**

  поставување на кошеви и оградување со висока мрежа;

- **НОВО СЕЛО - ИЗГРАДБА НА ИГРАЛИШТЕ ЗА МАЛ ФУДБАЛ**

  во склоп на ОУ„ Мануш Турновски“- Ново Село, со осветлување;

- **ОПРЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА НОВО СЕЛО**

  со потребните наставни средства и помагала за поефикасна реализација на наставата. Реализацијата ќе се одвива во фази, во зависност од потребните средства. Проектот ќе се реализира со средства од општината, донатори и МОН;

- **УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР ВО ООУ„ МАНУШ ТУРНОВСКИ“- НОВО СЕЛО;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДА**

  со цел подобрување на енергетска ефикасност на ООУ „Мануш Турновски“- Ново Село;

- **ОГРАДУВАЊЕ НА СИТЕ НЕОГРАДЕНИ УЧИЛИШНИ ДВОРОВИ;**

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ПРЕКУ ВОВЕДУВАЊЕ ПРОГРАМИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНО ОБРАЗОВАНИЕ,

стручни, технички, напредни дообразовни студии за учениците од ООУ „Мануш Турновски“-Ново Село и ООУ „Видое Подгорец“- Колешино;

## АУДИО КНИГИ:

Преку ангажирање на ученици од општинските и средните училишта ќе се направи аудио верзија од најпознатите литературни дела. На тој начин ќе се подобри достапноста на едукативните материјали за помладите генерации. Аудио верзиите ќе ги доближат книгите до учениците и студентите, кои ќе имаат можност за висококвалитетна едукација и во моменти на извршување на секојдневните обврски;

## ДОПОЛНИТЕЛНА ЕДУКАЦИЈА ЗА АВТОМАТИЗАЦИЈА, РОБОТИКА И ДРУГИ НАПРЕДНИ ПРЕДМЕТИ:

- Општина Ново Село ќе ангажира професори од постоечкиот образовен кадар кои ќе вршат дополнителна едукација на учениците од областа на техниката, автоматиката и роботиката. Со тоа ќе се обезбеди вовед во техничките науки на учениците уште во почетокот на нивното образование и ќе се придонесе кон стекнување на значајно искуство за работа во најатрактивните гранки.

# 9. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- **КОНТИНУИРАНИ ТЕРЕНСКИ ПОСЕТИ НА ЛИЦАТА КОИ СЕ СПРЕЧЕНИ ДА ГИ ПОСЕТАТ АМБУЛАНТИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА;**
- **ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОВТОРНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ГИНЕКОЛОШКО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ЗДРАВСТВЕН ДОМ НОВО СЕЛО;**
- **ИНИЦИЈАТИВА ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА АМБУЛАНТАТА ВО ДРАЖЕВО;**
- **ДЕЖУРНА СЛУЖБА ВО АМБУЛАНТАТА.**

  Општина Ново Село ќе обезбеди финансиски средства за сервисирање на трошоците за овозможување дежурна служба во амбулантата во Ново Село. На принцип на ротации ќе бидат ангажирани сите регистрирани здравствени субјекти, со цел задоволување на медицинските потреби на граѓаните;

- **ВОЛОНТЕРСКА СЛУЖБА ЗА ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ:**

  Општина Ново Село ќе изготви проект за воспоставување на волонтерска служба за итна медицинска помош, која ќе се состои од тренирани волонтери од секое населено место, за кои ќе биде обезбедена соодветна медицинска опрема. Волонтерите ќе добијат обука за одржување во живот и обука за користење на прирачните средства. Општина Ново Село ќе обезбеди автоматски дефибрилатори, кои ќе помогнат за укажување на лекарска помош при акутни срцеви настани. Улогата на волонтерите ќе биде одржување во живот на лицето се до пристигање на квалификуван медицински персонал.





# 10. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА

Единиците на локалната самоуправа како главни носители на социјалната заштита се одговорни за основање јавни установи за социјална заштита, развивање вонинституционални форми за социјална заштита и реализирање социјални програми.

Во Општина Ново Село ќе ги реализираме следните проекти од областа на социјалната заштита:

## ПОДДРШКА НА КЛУБОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА И ПЕНЗИОНЕРИ:

Поддршка на клубовите на пензионери и стари лица од Општина Ново Село, преку организирање на еднодневни екскурзии и обезбедување услови каде клубовите на пензионери ќе организираат активности за меѓусебно дружење;

## ПРИСТАПНИ РАМПИ ЗА ЛИЦАТА СО ФИЗИЧКА ПОПРЕЧЕНОСТ:

Лицата со физичка попреченост имаат право на физички пристап до јавните институции на локално ниво, детските градинки, училиштата, здравствените установи и другите институции кои им се неопходни за елиминирање на социјалните бариери и целосен независен и интегриран живот во заедницата. Затоа Општина Ново Село со проекти и помош од донатори ќе изгради пристапни рампи до сите јавни институции и установи низ општината, со цел овозможување на непречено движење на лицата со физичка попреченост;

## МОБИЛНА СЛУЖБА ЗА ПОСЕТА НА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА;

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДЕФЕКТОЛОГ И ЛОГОПЕД НАЈМАЛКУ ЕДНАШ НЕДЕЛНО ВО СОРАБОТКА СО МЕДИЦИНСКИТЕ УСТАНОВИ ОД СТРУМИЦА;

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНАТА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНО ДЕТЕ;

## ОПШТИНА НОВО СЕЛО ЌЕ ПРЕЗЕМЕ ИНИЦИЈАТИВА КОН МТСП ЗА ОТВОРАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ВО НОВО СЕЛО.



# 11. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Селото отсекогаш било стожер и чувар на нашите темелни вредности. Земјоделството има и сериозно економско значење и потенцијал за поголем понатамошен развој. На најголем дел на граѓаните на Општина Ново Село земјоделството им е основно или дополнително занимање и тие се сведоци дека денес може да развие квалитетен и одржлив агро-бизнис преку комбинирање на понудените можности на поддршка, почнувајќи од добивање на почетен поволен кредит за започнување на бизнисот, поддршка за: набавка на живи животни, подигање на насади, набавка на опрема и механизација, потоа редовна годишна исплата на значителни субвенции по хектар, грло или производ, поволно социјално осигурување и ниска стапка на персонален данок.

## СЕТ МЕРКИ - ИНФОРМИРАН И ОБРАЗОВАН ЗЕМЈОДЕЛЕЦ

во Општина Ново Село ќе примениме сет мерки за подобрување на знаењето и квалификациите на земјоделските производители, преку:

- Зајакнување на институционалните врски на истражувачките институции од областа на земјоделството со советодавните служби за пренос на технологии и информации формирани во општината и организирање на стручни предавања, како и трансфер на нови достигнувања и знаења од факултетите непосредно во пракса;
- Зајакнување на соработката со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и информираноста за Повеќегодишната програма за субвенционирање на земјоделското производство и информирање на земјоделците за активностите кои се предвидуваат;
- Навремено информирање за аплицирање на огласите за добивање на земјиште во државна сопственост;
- Следење на законската регулатива поврзана со земјоделското производство и благовремено информирање на земјоделските производители за обврските кои произлегуваат од истата;
- Трибини за добри земјоделски практики.

## ПОДДРШКА ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ИПАРД СРЕДСТВАТА

Обезбедување на средства за обуки за земјоделците со цел апли-

цирање и максимално искористување на финансиската помош од државата и ИПАРД фондовите, овозможување на поврзување и со приватни консултанти, преку т.н. Едукативни центри;

- ## ПОДДРШКА НА ФОРМИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

Општината ќе ги поддржи постоечките земјоделски здруженија, но и формирањето на земјоделските задруги, заради подобрување на статусот на ситните земјоделци на пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување на основни услови за работа и функционирање;

- ## ПРОМОЦИЈА И ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА ОРГАНСКОТО ПРОИЗВОДСТВО, СОБИРАЊЕТО И ТРЕТМАНОТ НА САМОНИКНАТИТЕ РАСТЕНИЈА;

Општина Ново Село во соработка со претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го промовира и популаризира органското производство. Општината ќе организира и обуки и советувања за развојот на овој вид производство и можностите за пласман на органските производи;

- ## САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

во сите населени места во општината, со цел полесно функционирање на земјоделците;

- ## ОЛЕСНУВАЊЕ ИЛИ ЦЕЛОСНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ДАВАЧКИ КОН ОПШТИНАТА

на инвеститори кои би отвориле преработувачки капацитети за земјоделски и сточарски производи. Уште поголеми поволности ако инвеститорите се жители на општината и ако реинвестираат од своите средства и добивки;

- ## ЧИСТЕЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА,

со цел да се спречи прелевање на реките кои би ги поплавиле земјоделските површини преку заеднички проекти со водостопанство за заштита од поплави;

- ## ИЗГРАДБА НА ОДВОДНИ КАНАЛИ

со цел исцедување на вишокот вода при обилни врнежи;

## ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА БРАНАТА ЗА НАВОДНУВАЊЕ СО АД ВОДОСТОПАНСТВО;

Санирање на брана Борисово и нејзино уредување;

## ФОРМИРАЊЕ БРЕНД ЗА ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО;

Општина Ново Село ќе ги мотивира локалните земјоделци за ориентирање кон органското производство и ќе се заложи за формирање бренд производ кој ќе биде препознатлив во целиот регион;

## ДЕНОВИ НА НОВОСЕЛСКИ КОМПИР:

Општина Ново Село ќе организира манифестација за промоција на компирот како производ со кој се одликува општината. Ќе бидат обезбедени средства за негова промоција, како и за овозможување на културниот аспект на манифестацијата.



# 12. СПОРТ И МЛАДИ

Инвестирајќи во младите и спортот, инвестираме во стабилен развој и просперитет на општеството каде живееме и делуваме. Факт е дека многу млади, од општината решаваат да го продолжат својот кариерен развој во странство, но новата општинска администрација ќе се посвети особено на задржување на младите кои останале да живеат тука, преку овозможување модерни услови за спорт, рекреација, развој на телото и духот. Инвестициите ќе бидат насочени кон реконструкција на постоечките спортски терени, развој и изградба на нови терени за фудбал, кошарка, атлетика, тенис, пливање и сл. Приоритетните цели кои сакаме да ги исполниме се: влијанието врз едукацијата на младите на локално ниво, активно учество на младите луѓе во јавниот живот и процесите на донесување на одлуки на локално ниво, како и вклучување на младите во европските процеси.

- **ИЗГРАДБА НА БАЗЕН ЗА РЕКРЕАЦИЈА ВО СКЛОП НА СПОРТСКИ КОМПЛЕКС ХРИСТО ТАТАРЧЕВ,**

  со санација на спортската сала и тениското игралиште. Проектот ќе се реализира по принципот на јавно-приватно партнерство;

- **УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО С.СУШИЦА;**
- **ПОДДРШКА ЗА ПОВТОРНО АКТИВИРАЊЕ НА Ф.К МЛАДОСТ СУШИЦА;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МАЛОТО ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ ВО НОВО КОЊАРЕВО**

  со поставување на високи огради позади двата гола, изградба на трибина, реконструкција на соблекувалните и тоалетот во склоп на игралиштето;

- **ИЗГРАДБА НА МОТОКРОС ПАТЕКА ВО МЕСТО ВИКАНО ГАБЕР КАЈ МОКРИНО;**
- **УРЕДУВАЊЕ НА ТРИМ ПАТЕКА ОКОЛУ БРАНАТА ВО НОВО СЕЛО;**
- **ОТВОРАЊЕ НА МУЛТИМЕДИЈАЛЕН МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР;**
- **ИЗВЕДБА, ПРОБИВАЊЕ И МАРКИРАЊЕ НА „OFF-ROAD” ПАТЕКИ НА БЕЛАСИЦА И ОГРАЖДЕН;**

- **ОПРЕМУВАЊЕ НА ПАРКОВИТЕ СО СПРАВИ ОД ТИПОТ НА ОТВОРЕНА ТЕРЕТАНА;**
- **СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА НОВИ КУПЕНИ ВЕЛОСИПЕДИ;**
- **ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ ДО МОКРИНСКИ ИЗВОРИ И ПОКРАЈ РЕГИОНАЛЕН ПАТ МОКРИЕВО-НОВО СЕЛО;**
- **ПОДДРШКА НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ НА КЛУБОВИТЕ;**
- **ПОДДРШКА НА ТРАДИЦИОНАЛЕН ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ ВО НОВО СЕЛО ВО ЈУНИ-ЈУЛИ МЕСЕЦ СЕКОЈА ГОДИНА;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ИГРАЛИШТЕ ВО НОВО СЕЛО:**

  Општина Ново Село ќе направи комплетна реконструкција на постоечкото игралиште во ОУ „Мануш Турновски“ и негово претворање во повеќенаменско. Исто така ќе се изгради игралиште за мал фудбал со вештачка трева кое ќе биде осветлено и ќе биде адаптирано за ноќно спортување:

- **СКЕЈТ ПАРК ВО НОВО СЕЛО:**

  Како дел од унапредување на младинската културно-рекреативна понуда, Општина Ново Село ќе изгради скејт парк непосредно до Домот на културата во Ново Село кој ќе биде опремен со аудио и светлосна опрема и ќе има можност за организација за настани на отворено;



# 13. ТУРИЗАМ

Во новиот мандат општината ќе биде посветена на искористување на конкурентските предности и максимално ќе се залага да ги развива и промовира најразличните видови на туризам, особено на селскиот туризам. Со тоа ќе ги задоволиме очекувањата и вкусовите на туристите, а Општина Ново Село ќе ја направиме погодна и препознатлива дестинација на туристичката мапа на Македонија.

За развој на туризмот во Општина Ново Село ќе ги спроведеме следните проекти:

## СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА НОВО СЕЛО;

Подготовка на Стратегија за развој туризмот во Општина Ново Село и Акциски план со што ќе овозможиме системски пристап за промоција на општината како атрактивна туристичка дестинација првенствено за привлекување домашни, но и странски туристи;

## ПОДГОТОВКА НА БРОШУРА СО ВОДИЧ И КАРТА НА ОПШТИНА НОВО СЕЛО;

Општината ќе подготви брошура со водич и карта на Општина Ново Село. Во истата ќе бидат означени позначајните културни настани, туристичките локалитети, манастирите, сместувачките капацитети и капацитетите за исхрана, како и останати манифестации кои се одржуваат во нашата општина, а кои можат да бидат привлечни за туристите;

## РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ

Ќе го развиваме руралниот туризам преку користење на средства од европските фондови, како и преку ИПАРД програмата за поттикнување и развој на овој вид туризам, со што ќе помогнеме да се развие инфраструктурата и да се задржи уникатноста на нашите рурални средини;

## ПРЕНАМЕНА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАСАРНАТА

во Ново Село, во сместувачки капацитети за рекреативци, планинари, ентузијасти и туристи;

- **УРЕДУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ЛОКАЛИТЕТ „ТОПЛИК“ СТАРО КОЊАРЕВО;**
- **ИЗГРАДБА НА ИЗЛЕТНИЧКО МЕСТО КАЈ БРАНАТА ВО НОВО СЕЛО;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАРАУЛА НА ОГРАЖДЕН И ПРЕНАМЕНА ВО ПЛАНИНАРСКИ ДОМ**
- **ЛОВЕЧКИ ТУРИЗАМ;**

  Општина Ново Село ќе вложи сериозен напор за изготвување на проекти за развивање на ловечкиот туризам по примерите на најуспешните светски ловни центри. Со тоа ќе придонесе кон полесно финансирање на ловните друштва како и поголеми финансии за вложување во зголемувањето на животинскиот фонд на планините;

- **ЕКСТРЕМЕН ПАРК НА ОГРАЖДЕН:**

  Ќе се изготви проект за изградба на велосипедски, трим и мото-крос патеки на планината Огражден која ќе биде опремена и обезбедена по највисоките стандарди за екстремни спортови;

- **ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРКИ:**

  Општина Ново Село ќе ги задоволи сите технички и административни аспекти за добивање дозвола за организација на трки на кружни и ридски патеки на територија на општина Ново Село во неколку категории.



# 14. КУЛТУРА

Културата е збир на материјални и на духовни вредности кои ги формирала традицијата низ времето. Македонската култура е дел од македонскиот идентитет. Македонската култура е наша, но и европска и светска култура. Културата е трајна и се надградува. Затоа ВМРО-ДПМНЕ и новата општинска администрација ќе продолжи да го развива актуелното творештво и да го заштитува културното наследство, а во тој контекст нашата општина се обврзува да ги негува и чува локалните традиции, фолклор и духовност.

Ние ќе настојуваме нашата општина да биде пошироко препознатлива како дестинација во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување.

- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВОТ НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО НОВО КОЊАРЕВО;**
- **САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТОЛАРИЈАТА ВО ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО СТАРО КОЊАРЕВО;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО МОКРИЕВО;**
- **ПОДДРШКА И АФИРМАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „СТРАНЧИНАРСКИ ИГРИ“ –МОКРИЕВО;**
- **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОМ НА КУЛТУРА ВО СУШИЦА.**

# 15. БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Согласно надлежностите кои ги има општината, во наредниот четиригодишен период, како одговорна власт, заради обезбедување на сигурност и заштита на граѓаните, ќе ги преземеме следните чекори и активности:

- **СТРОГА КОНТРОЛА ВО ЧУВАЊЕТО НА ШУМСКОТО БОГАТСТВО**

  и казни за сторителите кои недозволено ги сечат шумите и за оние кои ги палат;

- **РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ ОДВОДНИ КАНАЛИ И ПО ПОТРЕБА ОТВОРАЊЕ НА НОВИ;**
- **ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ;**
- **НАБАВКА НА НОВИ ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА И ОПРЕМА.**



# 16. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Активностите и проектите во областа на меѓународната соработка кои ќе ги реализираме во наредниот четиригодишен мандат ќе овозможат политичка, економска и културна меѓународна афирмација на општината.

Нашите најважни проекти во развивањето на меѓународната соработка во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- **РАЗМЕНА НА КУЛТУРНИ ИСКУСТВА,**
  традиции и фолклор како патоказ на зближување и соработка меѓу пограничните општини;

- **ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ СО ЗБОГАТУВАЊЕ И ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ СО НАШИТЕ ЗБРАТИМЕНИ ОПШТИНИ.**
  Во наредниот период ќе работиме на воспоставување на нови контакти и продолжување на веќе воспоставените со цел збратимување со нови општини;

- **ОПШТИНА НОВО СЕЛО АКТИВНО ЌЕ УЧЕСТВУВА СО АПЛИКАЦИИ ВО ПРОЕКТИ ОД ИПА ПРОГРАМАТА**
  за прекугранична соработка Македонија - Бугарија и Македонија - Грција;

- **ОДРЖУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ СО ДИЈАСПОРАТА.**

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk